Република Северна Македонија
Средно општинско училиште
ТАКИ ДАСКАЛО
БР.________________
________________ 20 ____ГОД.
Битола

Средно општинско училиште „Таки Даскало“ - Битола
Ул. Димитар Илиевски - Мурато бр. 37
Битола, 7000
Република Северна Македонија

контакт телефон: 047/220-192
takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk

Врз основа на Заклучокот од Педесетгата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 83 заклучоци 17, 19 и 25 одржана на 2 март 2021 година, а во врска со Насоките и препораките за преземање и реализација на мерки за борба против корупцијата и согласно член 145 од Статутот на СОУ „Таки Даскало“ - Битола, Директорот на Училиштето го донесе следниот

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА ВО 2021 ГОДИНА

Со цел успешно функционирање на сите аспекти од работењето НА СОУ „Таки Даскало“ - Битола, неопходна е потребата од изнаоѓање на соодветен и ефикасен начин за справување на корупцијата. Поради тоа, приоритет е бескомпромисната и неселективна борба против коруптивното однесување. Притоа, определбата на училиштето за спречување на корупцијата и последиците од неа претставува и дел од стратешките определби на СОУ „Таки Даскало“ - Битола.

## ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Целта на Годишниот план за спречување на корупцијата во СОУ „Таки Даскало“ - Битола за 2021 година е пред се јакнење на личниот и професионалниот интегритет на вработените во Училиштето со цел ефикасно спротивставување на корупцијата и судирот на интереси, како и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, на кој начин вработените покрај зачувување на сопствениот углед, ќе бидат одговорни и за зачувување на угледот на Училиштето во кое се вработени.

СОУ „Таки Даскало“ - Битола ќе се стреми да воспостави индивидуален интегритет на вработените, што подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способност да се изгради отпорност како сопствен начин на работа, како и отчетност, професионалност и коректност во донесувањето на одлуките и извршувањето на надлежностите утврдени со позитивните законски прописи и актите на Училиштето.

СОУ „Таки Даскало“ - Битола ќе се стреми да воспостави и институционален интегритет што означува "отпорност кон корупција" и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос лри извршувањето на службените должности.

Како најчести процеси кои се подложни на корупција во училиштата се: јавни набавки, вработувања, издавање на различни одобренија и решенија ,лиценци и дозволи, издавање на свидетелства и дипломи и други активности директно поврзани со работењето